Архивски број: 08-201/4
16-06-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-201/1 од 06.04.2022 година, поднесена од [redacted] против лицето [redacted] од Скопје за сторена дискриминација во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), на 16.06.2022 година го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ПРОДОЛЖЕНО И ПОВЕЌЕКРАТНО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на припадност на маргинализирана група, пол, родов идентитет и сексуална ориентација сторено од страна на [redacted] од Скопје насочено кон ЛГБТИ+ заедницата во областа на јавно информирање и медиуми.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 06.04.2022 година е доставена Претставка бр. 08-201/1 од страна на [redacted] со седиште на [redacted], Скопје. Во претставката подносителот тврди дека е сторена дискриминација по основ на пол, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, личен или општествен статус, сексуална ориентација и родов идентитет во друга област, односно на социјалната мрежа „FACEBOOK" врз припадници на ЛГБТИ+ заедницата од страна на лицето [redacted] со адреса на живеење на [redacted] Скопје.

Имено, лицето [redacted] на социјалната мрежа „FACEBOOK" од својот личен профил преку компјутерски систем на 03.04.2022 година во 17:48 часот направил објава на расистички и ксенофобичен текст во групата „Да го зачуваме бракот и семејството" со кој во јавноста промовирал омраза против група на лица. Текстот – статусот гласел: „Која пародија, [redacted] и останатите ЛГБТ активисти се бунат зошто владата го скратила буџетот за превенција од ХИВ за 40%. Зошто е ова пародија? 1. Околу 70% од сите новозаразени со ХИВ се хомосексуалци. 2. Сидата се шири 30-40 ПАТИ почесто меѓу хомосексуалците! Воопшто нема сомнеж во очигледниот факт дека хомосексуалците и хомосексуалните односи се главниот двигател на сидата во Македонија и светот. Ако навистина им стало до здравјето на луѓето, нека започнат кампања за подигање на свеста за последиците од хомосексуалните односи. Нека ги стават овие статистики во нивното „сексуално образование". Но тие го прават токму обратното, го афирмираат и стимулираат хомосексуалниот начин на живот, и на тој се индиректни учесници во ширењето на сидата меѓу нив.".

Во согласност со член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, лицето [redacted] против кого е поднесена претставката, на 29.04.2022 година со допис бр. 08-201/3 до Комисијата писмено се изјасни за наводите во истата. Подносителот во своето изјаснување навел дека со така објавениот текст – статус од неговиот личен профил на


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

социјалната мрежа „FACEBOOK", не постои основ да се утврди било какво прекршување на правните прописи. Ова од причини што според него, тој само споделувал статистички информации од јавни здравствени организации кои биле јавно достапни на одредени интернет портали, како и дека според него, со вакви активности, односно поднесување на претставки за објавени текстови – статуси, се врши ограничување на слободите и правата на дел од граѓаните, преку нивна автоцензура. Притоа, тој се осврнува, меѓу другите, на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, потенцирајќи ја забраната за цензура.

Комисијата ценејќи ги наводите во претставката и наводите во изјаснувањето, утврди дека со објавата на текстот од личен профил на социјалната мрежа „FACEBOOK" е сторено вознемирување по основ на припадност на маргинализирана група, пол, родов идентитет и сексуална ориентација.

Имено, Комисијата анализирајќи ја содржината на текстот од објавата, утврди дека иако истата не содржи директна и експлицитна вознемирувачка содржина, сепак така поставените „аксиоматски" тврдења, создаваат предрасуди и стереотипи за одредена група на лица кои понатаму промовираат омраза која може да резултира со потешки повреди, односно дела од омраза врз групата на лица на кои текстот се однесува. Не соодветното користење на статистички податоци и анализи, без притоа да се наведат конкретни извори и да се формулира текстот на начин и со цел да се промовира одредена дебата или дискусија, може да доведе до стигматизирање на одредена група на лица и воедно да поттикне говор на омраза и дискриминација спрема овие лица. Воедно на тој начин објавената содржина директно влијае и врз општествената перцепција за одредените здруженија на граѓани кои меѓу другото, за цел имаат промоција на човековите права на припадниците на ЛГБТ+ заедницата, како и подигање на свеста во општеството за предметните заразни болести.

Комисијата смета дека објавувајќи содржини во вид на општо прифатени тврдења, при тоа, создавајќи презир кон една цела група на лица како припадници на маргинализирана група, по основ на пол, родов идентитет и нивна сексуална ориентација, како и кон одредени здруженија на граѓани, видно од објавениот текст – статус, претставува вознемирување во смисла на член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Вознемирување согласно наведениот член од Законот, е секое несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на закanувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.

Комисијата нагласува дека сексуалната ориентација се третира на ист начин како и останатите дискриминаторски основи како, раса, етничка припадност и религија кои најчесто се предмет на говор на омраза, бидејќи сексуалната ориентација е карактеристика која е фундаментална за личниот идентитет на една личност и воедно истата претставува ознака за групен идентитет.

Дополнително на тоа, објавата на текстот – статусот е во отворена група на социјалната мрежа која брои повеќе од 4 илјади членови и притоа истиот статус поттикнал значителен број на хомофобични коментари со вознемирувачка содржина, меѓу кои и такви од лични профили на други корисници, како: „ каков геј брак? Да се дозволи чин кој е противприроден? Па тие бракови да посвојуваат деца и да ги воспитуваат во таа насока? Вистината е убава но и болна. Која е таа здрава работа при контакт на двајца мажи? Ќе се намножат болестите пред се. Проблемот со таа геј (педерска) болест треба да се решава медицински и да се спасат таквите луѓе. " или „слушај


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

дете или чупе, како прво не се плашам, а најмалку од извитоперени скриени профили кои ако имале храброст ќе се покажеле јасно и јавно. Немоќта се гледа од самиот профил.
Инаку мене никој не ме предупредил и нема за што, но кога некој ке коментира кон мене а јас видам призвук на закана ми се подкрева ... секако во желудецот, да не помислиш на друго место.
Патем каде тоа прочита да јас се повикам на смрт на педерите, кога јас се повикувам на нивно лечење. Дали има конкретен лек ќе кажи науката зависно од случајот, НО наместо да им се помогне „некои групи" да бараат нивна легализација е исто како да бараат легализација на кокаин. Бог да ги чува семејствата каде ете ќе се роди таков човек и да се бара решение, дали хормони, дали психотерапија.... ако се сака ќе се најде и решение, но да се дозволат истополови бракови, па нивно право за посвојување, па како што е модата да се воведи во образование како не е проблем да се пипкаат две машки или девојчина... тоа е увреда врз здравиот разум на секој нормален човек.
Тогаш зошто да не бараме и озаконување на малу ќотек, на по некоја скрешена рака...или полошо, па озаконување на наркотиците......
И на крај најнормално да си се онаквеет и пореметените со животните и да си се земаат во брачни заедници....
Содом и Гомор.... сте чуле???
Секако , вака или онака еден ден секој кој влегол во таа каша ќе има прилика да го види.".

Оттука, Комисијата во рамки на своите законски надлежности има обврска да постапува со цел да обезбеди заштита на лицата, односно група на лица кои би можеле да бидат цел на говор на омраза и следствено на дела од омраза. Водејќи се од тоа, Комисијата ги користи средствата кои ги има на располагање за да ја понуди потребната заштита која едно демократско општество има за цел да ја обезбеди, при тоа, имајќи ја во предвид и меѓународната правна пракса.

Следствено на тоа, Комисијата посебно во предвид го имаше случајот пред Европскиот суд за човекови права, Beizaras and Levickas v. Lithuania 41288/15, кој воедно се однесува и за хомофобични коментари под објава на социјални мрежи, а во кој случај Судот одлучил дека ваквите коментари мора да бидат санкционирани во едно демократско општество. Според Судот, дури и еден коментар со елементи на омраза, под објава на социјални мрежи е доволно да се сфати сериозно во случај кога објавата на социјалните мрежи има голема видливост. Во однос на таквата судска пракса, Комисијата го ценеше фактот дека објавениот тескст – статус од лицето [redacted], предизвикал голем број на коментари со хомофобична содржина под неговата објава на социјалната мрежа „FACEBOOK".

Комплементарно на тоа, имајќи го во предвид изјаснувањето на лицето против кое е поднесена претставката, а кое воедно алудира на слободата на говор, Комисијата, исто така, во предвид го имаше и случајот Vejdeland and others v. Sweden 1813/07, кој се однесува на дистрибуција на материјали со хомофобична содржина наспроти слободата на говор, каде Судот одлучил дека попречувањето на слободата на говорот на одредени лица од страна на властите, може да се смета за разумно доколку тоа е неопходно во едно демократско општество заради заштита на угледот и правата на другите.

Комисијата се согласува со тоа дека со човековите права и слободи, исто така, доаѓаат и одредени обврски, меѓу кои и таква која се состои во тоа колку е можно повеќе да се избегнуваат изјави и тврдења кои се неоправдано и неосновано навредувачки за другите, причинувајќи напад врз нивните права и слободи.

Во таа насока, Комисијата одлучувајќи како и во диспозитивот на мислењето, во согласност со членот 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, со цел да се отстрани утврдената повреда и можните последици од истата, ја дава следната

Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ПРЕПОРАКА

1. СЕ ПРЕПОРАЧУВА лицето [redacted], со адреса на живеење на [redacted], Скопје, веднаш да го избрише горенаведениот текст - статус објавен преку неговиот личен профил во групата „Да го зачуваме бракот и семејството" на социјалната мрежа „FACEBOOK" и за тоа да ја извести Комисијата во рок од 30 дена од денот на добивањето на мислењето со препораката.

2. СЕ ПРЕПОРАЧУВА именуваниот во рок од 30 дена од денот на добивањето на мислењето со препораката, јавно да се извини на припадниците на ЛГБТИ+ заедницата, со објава на својот личен профил на социјалната мрежа ,,FACEBOOK" и за тоа да ја извести Комисијата.

3. СЕ ПРЕПОРАЧУВА именуваниот во иднина да се воздржи од објави во било кој медиум и во било кој формат, а кои објави во себе содржат вознемирувачка содржина врз било кој дискриминаторски основ.

НАПОМЕНА: Доколку лицето на кое е упатена препораката не постапи по препораката во определениот рок, Комисијата ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Кире Василев

Доставено до:
[redacted]

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk